# Почитувнаи колеги

Одделот за математика и информатика при Машинскиот факултет ве известува дека е отворен конкурс за избор на екипа за меѓународниот математички натпревар SEEMOUS 2019 (Southeastern European mathematical Olympiad for university students - југоевропска математичка олимпијада за универзитетски студенти). Право за учество на изборниот натпревар имаат **само студентите од Машински факултет** кои ги исполнуваат условите:

**1.** Да се студенти од прва или втора учебна година

**2.** Да немаат освоено повеќе од 120 ЕКТС по единствениот европски кредит трансфер систем во текот на своето студирање.

**3.** Да ги имаат положено испитите од Одделот за математика и информатика кои ги имаат слушано.

На ден 15.02.2019 година ќе се изврши **ЈАВНО ТЕСТИРАЊЕ** за избор на екипа од МАШИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ за учество на овој настан. Почеток на јавното тестирање е во 12 часот во некоја од просториите на Машинскиот факултет. Зборно место е пред студентска служба на МФС во 11:45 минути.

Ќе се избираат **2 (ДВА) студенти** за учество на оваа олимпијадата која оваа година ја организира Република Бугарија. Место на одржување е ДЕВИН (близу Велинград), а време на одржување е 12.03.-17.03.2019 година. На избраните студенти им е платено учеството од страна на Машинскиот факултет. Студентите го претставуваат **исклучиво Машинскиот факултет**.

Главен организатор на овој настан е **Факултетот за Архитектура, Цивилно инжинерство и Геодезија** при софискиот универзитет.

**Координатор на активноста**
ред.проф. д-р Алекса Малчески